MACEDONIAN

The Easy Mulching Guide

## Создадете ја вашата рајска градина

# Чудото на прекривката од природни материјали



our environment it's a living thing

## Многуте предности на прекривката од природни материјали

### Прекривката од природни материјали

е материјал кој ја покрива почвата за да го спречи растењето на плевел и да го потпомогне растењето на здрави растенија.

Кога ќе ја ставите врз почвата во вашата градина, природната прекривка од природни материјали помага во почвата да се задржат хранливите материи и влагата.

Прекривката од природни материјали ја прави вашата градина да биде поздрава со тоа што многу ја зголемува биолшката активност во почвата (посебно на црвите и корисните микроби).




***Прекривката од природни материјали има повеќе намени. Користете ја околу растенијата, како вреден додаток на компост (ѓубре), како привлечна површина за вашите патеки или да им обезбедите на децата безбедна површина за играње.***

## Како да направите прекривка од природни материјали

**Прекривката од природни материјали навистина едноставно се прави. Еве неколку идеи:**

**1. Користете ги отпадоците кога ја косите тревата**

Фрлањето на отпадоците во канта за ѓубре кога ја косите тревата претставува вистинска загуба на природното градинарско чудо. Отпадоците се богати со азот, важно ѓубриво за растенијата. За да можете најдобро да ги искористите отпадоците кога ја косите тревата:

- ✻ Оставете ги на тревникот при косењето, со што го храните тревникот и му помагате да биде поздрав. Можете да ја користите вашата вообичаена косилка за трева, или да купите косилка за правење на прекривка од природни материјали .
- ✻ Користете ги отпадоците од косењето на трева околу еднogодишните цвеќиња и зеленчук.





**2. Користете ги отпадоците кога кастрите во градината**

Примамливо е да ги ставиме малите гранчиња, гранките и отпадоците од лисја во кантата за ѓубре. Тие често се преголеми за да ги ставите во кантата за компост и треба долго време за да се разложат. Помислете повторно. Отпадоците од кастрењето во градината лесно можете да ги искористите за правење прекривка од природни материјали , и тоа вака:

- ✻ Наредете ги малите гранчиња, тенките гранки и лисјата во долга редица и со косилката за трева исецкајте ги.
- ✻ За поголеми гранки, позајмете или купете мала машина за сецкање.



**3. Користете го компостот (ѓубрето)**

Ако правите компост од отпадоците од храна и градина, тогаш можете да создадете бесплатен извор на хранливи материи за садниците, растенијата, грмушките и дрвата. Компостот може да се користи за покривање на семе, за прекривка од природни материјали која се става околу садниците и младите растенија. Компостот брзо се распаѓа така да вашите растенија и почвата можат веднаш да ги користат хранливите материи. Телефонирајте на 1800 225 587 за да го добиете 'Easy Composting Guide' ('Прирачник за лесно правење компост') за да дознаете повеќе како се прави компостот.

**4. Користете купена прекривка од природни материјали**

Постојат многу различни видови на прекривки од природни материјали кои можат да се купат во кеси или на големо. Лесно може да се купат слама, сено, ситни парчиња од дрво и кора. Тие може да се користат на безброј начини. Некои купени прекривки од природни материјали се користат специјално за уредување на земјиштето. Прекривките од ситни парчиња од дрво често се користат како атрактивен елемент за патеки во градини. Ситните парчиња од дрво исто така може да се користат под направите за играње за деца за да го ублажат ударот при пад.



# Неколку совети како се прави прекривка од природни материјали



**ПРЕКРИВКА (ОД ПРИРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ) БЕЗ ПЛЕВЕЛ**
Најважниот совет при правење на прекривката од природни материјали е да се води сметка кога се избираат природните материјали кои ќе се користат. Најдобро е во смесата за прекривката да не ставате плевел, растенија за садење и одредени видови на лисја. (Евкалиптус и лисја од камфор и ловор содржат супстанци кои го попречуваат растењето на растенијата за 3 -4 недели кога се свежи.) Овие се најдобри кога се користат за правење на компост.

**ПРЕКРИВКА (ОД ПРИРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ)- УБИЕЦ**
Избегнувајте да правите прекривка со природни материјали кои биле изложени на хербициди или пестициди затоа што прекривката може да им наштети на вашите растенија, или на почвата.





**СОЗРЕАНА ПРЕКРИВКА (ОД ПРИРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ)**
Правењето прекривка со свеж материјал од дрво, на пример, ситни парчиња од дрво и кора може да ја лишат почвата од азот. Осигурете се да ја оставите прекривка да созрее за неколку недели пред да ја ставите на растенијата. Пробајте во неа да измешате некој материјал кој содржи азот, на пример, компост, смесата што ја прават црвите или шталско ѓубре (на пример, од крави или кокошки). Добар рецепт е на десет дела прекривка да се додаде еден дел материјал кој е богат со азот.

**СТАВЕТЕ ЈА ПРЕКРИВКАТА (ОД ПРИРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ) ВО ОБРАЧ**
Кога ставате прекривка од дрво околу дрвата или растенијата, обезбедете да оставите малку простор ('обрач') меѓу кората или стеблото и прекривката. Со ова ќе спречите да се создаде простор во кој може да се јави некоја болест.



**Прекривката може да се направи од вообичаените природни материјали кои можат да се најдат во градината или кујната, на пример:**



**ЛИСЈА**
Лисјата претставуваат украсна, природна, заштитна прекривка која ја снабдува почвата со влакнести органски материјали.

**ОТПАДОЦИ ОД ТРЕВА ПРИ КОСЕЊЕ**
Отпадоците кои остануваат при косење на тревата содржат азот и поташ, и брзо гнијат. Тие се одлични за садници!





**ИСЕЦКАНИ ОТПАДОЦИ ПРИ КАСТРЕЊЕ ВО ГРАДИНАТА**
Исецканите отпадоци при кастрење во градината прават прекривка од лисја која изгледа одлично околу поголеми растенија и грмушки.



**СЛАМА**
Слама може да се купи и да се користи како прекривка околу зеленчук и садници.



**МОРСКА ТРЕВА**
Морската трева има многу предности како прекривка - во неа нема семе, не пренесува болести на растенија и изгледа добро. Исто така, таа е богата со минерали и поташ.

**ХАРТИЈА ОД ВЕСНИЦИ**
Извалкана хартија од весници која не може да се фрли во кантата за рециклирање може да се користи како прекривка. Хартијата е одлична за патеки.



**СИТНИ ПАРЧИЊА ОД ДРВО ИЛИ КОРА**
Ситните парчиња од дрво може да се направат или да се купат. Тие често се користат при уредување на земјиштето.



**КОМПОСТ**
Компостот е сестрано чудо за градината. Тој брзо се распаѓа како прекривка и ги снабдува растенијата и почвата со хранливи материи и елементи на кои може да им се утврди потеклото.



**ЖИВА ПРЕКРИВКА**
Пробајте како покривка да ги користите ниските растенија кои растат на земја. Лековитите билки како што се Корзиканско нане (Mentha requenii) или Дива мајчина душица (Thymus serpyllum) или Kidney Weed (Dichondra repens) (вид на плевел) се одлични за покривање на земјата.



***Пробајте да користете поразновидни и повеќе прекривки во вашата градина. Разновидноста го прави животот интересен.***

# Почнете да ја рециклирате тревата!

**Најевтиниот и најлесниот начин да ги рециклирате отпадоците кои ви остануваат кога ја косите тревата е да ги оставите на тревникот после косењето.**



Следуваат неколку совети за успешно рециклирање на тревата.

- Косете го тревникот кога тревата е сува, со тоа ќе спречите отпадоците од трева да се згрутчуваат.
- Проверете дали сечилата на косилката се остри.
- Не го косете тревникот многу кратко (како машка фризура). Најдобри резултати за вашиот тревник може да се постигнат ако ја наместите косилката на висина од 5 -6 сантиметри.
- При секое косење, обидете се да отстранувате само една третина од висината на тревата.
- Купете или позајмете косилка со која се прават прекривки.

Косилката со која се прават прекривки врши подобра работа затоа што тревата поситно се сечи, меѓутоа вообичаената косилка исто така може добро да работи, само извадете го 'фаќачот' при косењето.

## Каде можете да добиете повеќе информации за правење на прекривка

Јавете се во локалната општина или во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) за да дознаете повеќе како се подготвува мешавина од струготини, слама и лисје, за компостирање и како да го намалите отпадот.

Постојат многу добри публикации за подготвување на мешавина од струготини, слама и лисје и за компостирање.

Побарајте ги во локалната библиотека или телефонирајте во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) на 131 555.



Department of
Environment and Conservation (NSW)
www.environment.nsw.gov.au

our environment it's a living thing

ISBN 1 74137 635 1 2006/248 Отпечатено на рециклирана хартија